Врз основа на член 70 став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр.10/97) министерот за финансии донесува:

# ПРАВИЛНИК
**за начинот, условите и роковите на утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри и формата на исправата за техничката исправност**

("Службен весник на Република Македонија" бр.19/97)

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот, условите и роковите на утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игрите на среќа и апаратите за забавни игри и формата на исправата со која се потврдува техничката исправност.

Член 2

Техничката исправност на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри, односно нивните метролошки својства (исправноста на бројачите) се утврдуваат со прв, периодичен и вонреден преглед.

Член 3

Првиот преглед на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри го обезбедува производителот, а за увезените автомати за игри на среќа и апаратите за забавни игри увозникот, односно застапникот на странската фирма при продажба од консигнационен склад.

Член 4

Автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри што се наоѓаат во употреба се прегледуваат периодично и тоа:

- автомати за игри на среќа еднаш годишно
- апарати за забавни игри на три години.

Член 5

Периодично се прегледуваат автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри пред истекот на рокот на важноста на жигот, односно уверението за исправноста.

Периодичниот преглед на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри го обезбедува имателот односно нивниот корисник.

Член 6

На вонреден преглед подлежат автоматите на игри на среќа и апаратите за забавни игри, на кои е извршена поправка (поправка на бројачите) по извршената интервенција, од страна на овластеното лице.

Член 7

Прегледот и поправката на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри овластеното правно лице може да го врши во неговите работни простории и надвор од работните простории.

Член 8

Ако со прегледот се утврди дека се исполнети условите од член 2 на овој правилник, овластеното правно лице го жигосува автоматот за игри на среќа и апаратот за забавни игри во делот каде се сместени бројачите.

Жигот кај автоматите за игри на среќа се поставува на вратичката од кутијата во која треба да бидат сместени бројачите, а на која има стакло преку кое можат да се читаат износите на бројачите.

Член 9

Уверението за исправноста на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри го содржи:називот на сопственикот  односно корисникот на автоматот односно апаратот, сериskиот или фабричкиот број на автоматот односно апаратот, важноста на уверението, бројот, датумот и потпис на овластеното лице.

Формата на уверението е дадена во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.